ADING

# АДИНГКОЛОР

*Боја за декоративна обработка на внатрешни ѕидни и плафонски површини, изработена на база на полимерна дисперзија*

## Област на примена:

Се користи за декоративна обработка на внатрешни ѕидни и плафонски површини.

## Својства:

- еднокомпонентна бела боја;
- одлична адхезија за подлогата;
- одлична покривност;
- отпорна на суво бришење;
- паропропусна;
- може да се тонира во различни бои;
- едноставна изведба;
- еколошки производ

## Технички карактеристики:

| Својства | Метод | Декларирана вредност |
|---|---|---|
| Изглед | – | бела пастозна смеса |
| Густина | EN ISO 2811-1 | (1.65 - 1.75) g/cm³ |
| Сува материја | EN ISO 3251 | 67-71% |
| Време на сушење при 20ºC, релативна влажност од 65% | ISO 9117-3 | - површински, на допир 40-60min - целосно сушење на слој 2-3h |
| Отпорност на триење | EN 13300 | отпорен на суво триење |
| Сјај | – | Мат |
| pH | (EN ISO 787-9) | 8-9 |

## Подготовка на подлогата:

**Подготовка на подлогата**
Адингколор може да се нанесе на подлога од бетон, малтер, гипс картонски плочи и на глетувана површина. Подлогата треба да биде здрава, сува, чиста, обезмастена и обеспрашена, без лабилни делови. Новите вградени малтери, како и фасадните глет маси, при нормални услови, на релативно суво време и температура од 20°C, потребно е да созреат најмалку 1 ден за секој mm од дебелината. Новите бетонски подлоги треба бидат стари најмалку 28 дена од вградувањето.Кај подлогите, кои имаат постоечки премаз, потребно е да се отстранат сите лабилни позиции до здрава подлога.

Доколку е потребна санација на отворените позиции, таа треба да се изведе со соодветни материјали од производната програма на АДИНГ. Кај позициите, кои се опфатени со мувла, пред нанесувањето потребно е таа темелно да се отстрани од подлогата. Пред нанесување на Адингколор, површината може да се прајмерира со Прајмер В, за да се обезбеди подобра врска помеѓу подлагата и премазот. Прајмерирањето се препорачува при првото боење на површините, особено кога пребојувањето се изведува на слабо порозна површина. Нанесувањето на Прајмер В е со четка, ваљак или со распрскување. Температурата на подлогата треба да биде од +5°C до +35°C. Нанесувањето на Адингколор, при температура од 20°C и релативно ниска влажност на воздухот, е по 30 минути од нанесувањето на Прајмер В.

**Вградување**
Адингколор, се нанесува во два или повеќе слоеви. Вградувањето може да се изведе со четка, ваљак или со распрскување. За нанесување на првиот слој, количината од материјалот, која е наменета за овој слој, се разредува со додавање на вода од 15-20%, по што смесата бавно се меша до воедначување (хомогенизација). За нанесување на вториот слој, разредувањето со вода е од 10-15%. Нанесувањето на вториот слој е по целосно сушење на првиот слој, а временскиот период помеѓу слоевите на температура од 20°C и влажност на воздухот од 65% е околу 2h. Површините обработени со Адингколор не треба да бидат во директен контакт со вода. При нанесување на тонирана боја, потребно е пред нанесувањето, целата количина на материјал да се воедначи во еден голем сад, а потоа да се нанесува на ѕидната површина. Поради тоа, препорачуваме потребната количина на материјал за целата позиција, да се порача одеднаш, според просечната потрошувачка на материјал, дадена во овој технички проспект. Доколку количината на материјал за нанесување е прилично голема за хомогенизирање во еден сад, тогаш препорачуваме прво да се замешаат три пакувања во еден сад, а потоа, со секое намалување на количината за една третина да се додаде ново пакување во смесата. По секое додавање на ново пакување, смесата се воедначува со бавно мешање. Корегирање на тонираната боја во текот на изведбата, со пигменти, разредување и слично, не е дозволено.
Забелешка: Покривноста на бојата се намалува со разредувањето.

ДЕКОРАТИВНИ ПРЕМАЗИ И МАЛТЕРИ

## Потрошувачка:

0,35 - 0,45 kg/$m^2$

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употреба.

## Пакување:

Во пластични канти 5 и 25 kg.

## Складирање:

Во оригинално пакување, на температура од +5°C до +30°C и заштитен од директно влијание на сончевите зраци. Рок на употреба: 12 месеци.

Опасност по здравјето: Адингколор не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Да се користи соодветна заштитна опрема.
Во случај на прскање на кожата или во очите потребно е плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Адингколор е незапалива течност.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингколор се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: + 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk